Архивски знак: 0202-915/20
Рок на чување: ______ год.
______ 20 __ година
Потпис.

Друштво за производство, трговија и услуги
**ПУЦКО ПЕТРОЛ** увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0306-834
11.05.2020 год.
Пласница

**ПУЦКО ПЕТРОЛ**

**СЕДИШТЕ**
ул.Населено место без уличен систем бр.1
6539 Пласница, Р.Македонија
Тел/Факс: 00389 45 287 306/506
e-mail: contact@puckopetrol.com

**ПОДРУЖНИЦА**
бул.Партизански Одреди бр.104
1000 Скопје, Р.Македонија
Тел/Факс: 00389 2 3077 000
e-mail: info@puckopetrol.com

ОКТА Рафинерија на нафта
Акционерско друштво
Скопје

| Примено: 11.05.2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 0202 | 915/20 | | |

**До,**
**ОКТА Рафинерија за нафта А.Д. – Скопје**
**Ул.1 бр.25 н.м. Миладиновци**
**1001 Скопје**

До: Одборот на директори на ОКТА Рафинерија за нафта А.Д. – Скопје
Претседател г.Дионисиос Роутсис

**ЗА СОБРАНИЕ - БАРАЊЕ СО ПРЕДЛОГ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ**
**Од ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ Пласница, со седиште во Пласница, со ЕМБС-5312566, претставувано од управител Божанка Грозданова, кое поседува 91965 обични акции**

Почитувани,
По повод 30-та седница на годишното генерално собрание на акционери на ОКТА Рафинерија на нафта А.Д. Скопје, што ќе се одржи во седиштето на ОКТА Рафинерија на нафта А.Д. на 02.06.2020 год. Согласно чл.390 од ЗТД „Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред. Предлагањето на одлуки за усвојување се испраќа до свикувачот на собранието.“
Согласно законските предпоставки, акционерот ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ Пласница, со седиште во Пласница, со 91965 обични акции или 10,87 % од акциите, со ЕМБС-5312566, претставувано од управител Божанка Грозданова предлага одлука за усвојување по однос на третата точка од дневниот ред, со која за нов член на одборот на директори се избира Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ Пласница и предлог - одлуката заедно со останатите докази Ви ја доставуваме.
Прилог:

- Предлог – одлука за избор на членови на одборот на директори
- Извод од сметка од 08.05.2020 година
- Копија од л.к. од управителот на Пуцко Петрол ДООЕЛ Божанка Грозданова.
- Текова состојба од Пуцко Петрол ДООЕЛ 0805-50/150120200018020 од 08.05.2020г.

Со, Почит

08.05.2020 год.

Акционер, ДПТУ„Пуцко Петрол“ ДООЕЛ Пласница
Управител,
Божанка Грозданова

Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ Пласница

Друштво за производство, трговија и услуги
ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ
Бр. 0306-833
11.05 202 0год.
Пласница

ПУЦКО ПЕТРОЛ

СЕДИШТЕ
ул.Населено место без уличен систем бр.1
6539 Пласница, Р.Македонија
Тел/Факс: 00389 45 287 306/506
e-mail: contact@puckopetrol.com

ПОДРУЖНИЦА
бул.Партизански Одреди бр.104
1000 Скопје, Р.Македонија
Тел/Факс: 00389 2 3077 000
e-mail: info@puckopetrol.com

Врз основа на член 390 став 5 од Законот за трговските друштва, Друштво за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ Пласница, со седиште Пласница, со ЕДБ-4018999101772 и ЕМБС-5312566, претставувано од управител Божанка Грозданова, по повод 30-та седница на годишното генерално собрание на акционери на ОКТА Рафинерија на нафта А.Д. Скопје, по однос на третата точка од дневниот ред, до одборот на директори ја предлага следната

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**

**за избор на членови на одборот на директори**

**1.** За член на одборот на директори се избира ДПТУ „Пуцко Петрол“ ДООЕЛ с.Пласница Пласница.

**2.** ДПТУ „Пуцко Петрол“ ДООЕЛ с.Пласница Пласница веднаш по изборот согласно ЗТД ќе делегира кандидат за кого ќе се објават податоци за возраста, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото.

**3.** Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје, 08.05.2020 год.

ПУЦКО ПЕТРОЛ ДООЕЛ Пласница
Управител, Божанка Грозданова